СОВЕТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ
Бр.08-7099/22
14.12.2021 година
Кавадарци

# З А П И С Н И К

За работата на 4-та седница на Советот на Општина Кавадарци закажана за ден 14.12.2021 година.

ПОЧИТУВАНИ СОВЕТНИЦИ

Ја отварам 4-та седница на Советот на Општина Кавадарци закажана за денес. На седницата присуствуваат сите советници, 19 на број, отсутни нема.

Констатирам дека кворум за работа има и Советот може полноважно да одлучува по предложениот дневен ред.

Со Решението за свикување на денешната седница доставен е и Записникот од Третата Седница на Советот на Општина Кавадарци одржана на ден 03.12.2021 година.

Дали има забелешки по Записникот од Третата Седница на Советот на Општина Кавадарци.

Ве молам кој е за усвојување на Записникот од Третата Седница на Советот на Општина Кавадарци. Едногласно за.

Констатирам дека е усвоен Записникот од Третата Седница на Советот на Општина Кавадарци.

Со Решението за свикување на денешната седница имате добиено Предлог Дневен Ред за работа на седницата закажана за денес и тоа:

1. Предлог-Локален Еколошки Акционен План на Општина Кавадарци со Предлог-Одлука за усвојување;
2. Предлог-Стратегија на Општина Кавадарци за соработка со граѓанските организации 2021-2025 со Акциски план;
3. Предлог-Стратешки План за намалување на ризици од катастрофи на Општина Кавадарци 2021-2025;
4. Предлог-Програма за изменување и дополнување на Програмата за поставување на урбана опрема на подрачјето на Општина Кавадарци;
5. Предлог-Одлука за изменување и дополнување на Одлуката за утврдување на висината на надоместоците што се плаќаат за користење на општинските јавни патишта;
6. Предлог-Програма за волонтери во Општина Кавадарци за 2022 година;

7. Програма за работа на ЈП„Комуналец„ Кавадарци за 2022 година, донесена од Управен одбор на ЈП„Комуналец„ Кавадарци;
8. Финансов План за 2022 година на ЈП„Комуналец„ Кавадарци, донесен од Управен одбор на ЈП„Комуналец„ Кавадарци;
9. Програма за работа на МХЕЦ Лукар ДООЕЛ Кавадарци за 2022 година, донесена од Управен одбор на ЈП„Комуналец„ Кавадарци;
10. Финансов План за 2022 година на МХЕЦ Лукар ДООЕЛ Кавадарци, донесен од Управен одбор на ЈП„Комуналец„ Кавадарци;
11. Одлука за склучување на анекс бр.3 кон Договор за одобрување на долгорочен кредит 08-120-11700/1 од 12.03.2018 година и заложување на подвижен имот, донесена од Управен Одбор на ЈП„Комуналец„ Кавадарци;
12. Одлука за Изменување и дополнување на Статутот на ЈП„Комуналец„ Кавадарци, донесен од Управен одбор на ЈП„Комуналец„ Кавадарци;
13. Одлука за распределба на акумулирана (нераспределена) добивка на ЈП„Комуналец„ Кавадарци, донесена од Управен одбор на ЈП„Комуналец„ Кавадарци;
14. Годишна Програма со арх.бр.08-6882/2 од 26.11.2021 година, со финансиски план КСП ПОДИУМ –ЈАДРО Кавадарци за 2022 година, донесена од Управен одбор на КСП ПОДИУМ –ЈАДРО Кавадарци;

Согласно член 59 став 1 алинеја 3 од Деловникот за работа на Советот на Општина Кавадарци, предлагам дополнување на дневниот ред за денешната седница и тоа :

Предлог-Одлука за примање донација од Друштво за производство, трговија и услуги "КОЖУВЧАНКА" ДОО увоз-извоз Кавадарци;

Согласно Деловникот молам за произнесување за предложената точка на дневен ред .

Кој е за. Едногласно усвоена.

Констатирам дека е усвоен предлогот предложениот Дневен ред да се дополни со точка 15

Предлог-Одлука за примање донација од Друштво за производство, трговија и услуги "КОЖУВЧАНКА" ДОО увоз-извоз Кавадарци;

Согласно член 59 став 1 алинеја 3 од Деловникот за работа на Советот на Општина Кавадарци, предлагам дополнување на дневниот ред за денешната седница и тоа: Предлог-Одлука за изменување и дополнување на Одлуката за авто-такси превоз на патници во Општина Кавадарци;

Согласно Деловникот молам за произнесување за предложената точка на дневен ред .

Кој е за. Едногласно усвоена.

Констатирам дека е усвоен предлогот предложениот Дневен ред да се дополни со точка 16

Предлог-Одлука за изменување и дополнување на Одлуката за авто-такси превоз на патници во Општина Кавадарци;

Согласно член 59 став 1 алинеја 3 од Деловникот за работа на Советот на Општина Кавадарци, предлагам дополнување на дневниот ред за денешната седница и тоа :

Предлог-Решение за давање позитивно мислење на Програма за изведување на ученички екскурзии и други слободни активности на учениците од ООУ „Димката Ангелов Габерот„Кавадарци за учебната 2021/2022 година;

Согласно Деловникот молам за произнесување за предложената точка на дневен ред .

Кој е за.

Констатирам дека е усвоен предлогот предложениот Дневен ред да се дополни со точка 17

Предлог-Решение за давање позитивно мислење на Програма за изведување на ученички екскурзии и други слободни активности на учениците од ООУ „Димката Ангелов Габерот„Кавадарци за учебната 2021/2022 година;

Согласно член 59 став 1 алинеја 3 од Деловникот за работа на Советот на Општина Кавадарци, предлагам дополнување на дневниот ред за денешната седница и тоа :

Извештај за редовното работење на ЈП за стопанисување со спортски објекти„Мито Хаџи Василев Јасмин„ Кавадарци,за III тромесечие од 2021 година;

Согласно Деловникот молам за произнесување за предложената точка на дневен ред .

Кој е за. Едногласно усвоена.

Констатирам дека е усвоен предлогот предложениот Дневен ред да се дополни со точка 18

Извештај за редовното работење на ЈП за стопанисување со спортски објекти„Мито Хаџи Василев Јасмин„ Кавадарци, за III тромесечие од 2021 година;

Согласно член 59 став 1 алинеја 3 од Деловникот за работа на Советот на Општина Кавадарци, предлагам дополнување на дневниот ред за денешната седница и тоа :

Програма за работа на ЈП за стопанисување со спортски објекти,,Мито Хаџи Василев Јасмин,, Кавадарци за 2022 година , донесена од Управен одбор на ЈП за стопанисување со спортски објекти,,Мито Хаџи Василев Јасмин,, Кавадарци;

Согласно Деловникот молам за произнесување за предложената точка на дневен ред .

Кој е за.

Констатирам дека е усвоен предлогот предложениот Дневен ред да се дополни со точка 19

Програма за работа на ЈП за стопанисување со спортски објекти,,Мито Хаџи Василев Јасмин,, Кавадарци за 2022 година , донесена од Управен одбор на ЈП за стопанисување со спортски објекти,,Мито Хаџи Василев Јасмин,, Кавадарци;

Согласно член 59 став 1 алинеја 3 од Деловникот за работа на Советот на Општина Кавадарци, предлагам дополнување на дневниот ред за денешната седница и тоа :

Предлог-План за измена и дополнување на Планот на програми за развој за 2022 година;

Согласно Деловникот молам за произнесување за предложената точка на дневен ред .

Кој е за.

Констатирам дека е усвоен предлогот предложениот Дневен ред да се дополни со точка 20

Предлог-План за измена и дополнување на Планот на програми за развој за 2022 година;

Согласно член 59 став 1 алинеја 3 од Деловникот за работа на Советот на Општина Кавадарци, предлагам дополнување на дневниот ред за денешната седница и тоа :

Предлог-Одлука за донесување на Детален Урбанистички План за УЕ 6, Блок 6.1,,,МОНОПОЛ,, КО Кавадарци, Општина Кавадарци 2020-2025;

Согласно Деловникот молам за произнесување за предложената точка на дневен ред .

Кој е за.

Констатирам дека е усвоен предлогот предложениот Дневен ред да се дополни со точка 21

Предлог-Одлука за донесување на Детален Урбанистички План за УЕ 6, Блок 6.1,,,МОНОПОЛ,, КО Кавадарци, Општина Кавадарци 2020-2025;

Согласно член 59 став 1 алинеја 3 од Деловникот за работа на Советот на Општина Кавадарци, предлагам дополнување на дневниот ред за денешната седница и тоа :

Предлог-Одлука за давање согласност за склучување на Договор.

Согласно Деловникот молам за произнесување за предложената точка на дневен ред .

Кој е за.

Констатирам дека е усвоен предлогот предложениот Дневен ред да се дополни со точка 22

Предлог-Одлука за давањесогласност засклучување на Договор;

Дали има и други предлози за измена и дополнување на досегашниот изменет дневен ред.

ГРАДОНАЧАЛНИК: Почитуван Претседател, почитувани советници имам една формална само забелешка и една замолница точка 11 Одлука за склучување на анекс бр.3 кон Договор за одобрување на долгорочен кредит. Јас за оваа точка неколку пати разговаравме со директорот на Комуналец и му реков да не се прифаќа како точка. Сакам да ве запознаам за што станува збор. Тоа станува збор за кредит земен пред 3 години од некојаси вредност од 400 000 евра од Комерцијална Банка и сега бараат Анекс после 3 години за да ги ставиме подвижните ствари под хипотека, не го побарале навремено, не го побарале со Договорот, не заради тоа дали ние ќе ги ставиме овие подвижни ствари под хипотека, не е спорно меѓутоа да бидете свесни и да знаете дека ова ќе повлече многу финансиски реперкусии. Ставањето на хипотека сега со анекс ќе повлече нотарски наградни трошкови. Второ за да ги ставиш овие возила под хипотека, ќе ти бара да ги осигураш каско и ќе имаш тука реперкусии сигурно уште 20 000 евра трошок. Мислам дека не е основано барањето на Комерцијална Банка после 3 години да бараат Анекс за ставање на хипотека на подвижни ствари пошто ризикот од тие подвижни ствари да ги продаде ЈП Комуналец не постое, единствено тоа може да биде со одлука на Управен и со одлука на Совет, легитимно право директорот не може да ги продаде возилата така да мислам ваше е да одлучите, јас како напомена да ставам дека ова ќе произнесе финансиски реперкусии наредната година и пол до исплаќањето на кредитот, а и кредитот е веќе 60% отплатен. Така Горан? Да. Значи ова станува збор за техничка грешка на менаџментот на Комерцијална Банка и сега ни

наметнуваат нешто после две и пол години да направиме Анекс кон склучување на ставање на залог на подвижни ствари. Мислам дека не е во ред. Ризикот не постое од отуѓување на тие возила пошто нема легитимно право Комуналец тоа да го отуѓи, пак треба да дојде на Совет и замолницата ми е од лични приватни работи пошто ќе морам седницата да ја напуштам за едно 23 минути дали можеме точка 13 и точка 21 и точка 22 да му дадиме приоритет во разгледувањето и во гласањето.

ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СОВЕТ СТОЈАНЧО РАМОВ: Кој е за предлогот за иземање на точка 11 од Дневниот ред на денешната седница. Ве молам за гласање. Кој е за. Дали има некој против. Значи едногласно е иземана точка 11 од денешниот Дневен ред, е тргната. Дали има некој коментар за промената на Дневниот ред односно приоритет на 13, 20, 21 точка да бидат приоритет. Кој е за гласање за овој предлог. Едногласно усвоен. Со тоа констатирам дека е заклучен денешниот Дневен ред и можеме да пристапиме кон реализација на денешниот Дневен ред.

Целиот Дневен ред кој е за гласање со измената на целиот Дневен ред. Едногласно усвоена. Пристапиме кон реализација на денешниот Дневен ред.

1. Одлука за распределба на акумулирана (нераспределена) добивка на ЈП„Комуналец„ Кавадарци, донесена од Управен одбор на ЈП„Комуналец„ Кавадарци

Отварам претрес по оваа точка. Дали некој бара збор.

СОВЕТНИК ВУКО МЕЛОВ: Почитувани колеги, Претседател, Градоначалник, граѓани и медиуми. Со оваа точка се бара да сите останати акумулирани добивки од претходни години кога ЈП Комуналец работело со добивка да бидат превземени и да бидат префрлени од страна на Општината, соодветствува на годините 2009-2016 година во вкупна вредност од 148 000 000 денари. Оваа одлука претпоставувам дека се предлага врз основа на Законот за јавни претпријатија со кои што вишокот на средства по член 30 вишокот на средства остварени од работењето на јавното претпријатие, доколку не ги вметне во Инвестициски План основачот на истото тоа претпријатие може да му ги одземе. Јас сум против оваа одлука со цел ради тоа што сметам дека на овој начин, со исцрпување на добивките кои што ги правело ЈП Комуналец ја слабееме на некој начин финансиската состојба на јавното претпријатие и со тоа се намалуват можностите за инвестиција на јавното претпријатие со цел зголемување на опфатот, ефикасноста во извршувањето на она што претставува дејност на јавното претпријатие и сметам дека на овој начин сите оние ликвидни средства во согласност со состојбата на ликвидните средства, како ќе има ЈП Комуналец ликвидни

средства ќе бидат пренасочувани односно предавани на Општина Кавадарци и сметам дека е ова по мене лошо за јавното претпријатие, јас да сум директор на истото јас да сум на ваше место Директоре јас не би ја прифанал оваа точка и зошто ова се прави мене искрено не ми е јасно. Зборувавме претходниот пат и за долгот на Општината. Ако Општината како што не уверувате тука дека работи добро, дека е во добра финансиска кондиција, ја не гледам зошто би носеле ваква одлука. Јас мојот став во однос на долгот и ликвидноста го кажав, сметам дека е истиот висок и сметам дека токму со оваа точка на дневен ред се потврдува моето тврдење од претходниот пат, со ова влечење на ликвидни средства од ЈП Комуналец.

СОВЕТНИК ТОНИ НЕШКОВСКИ: Почитувани граѓани, почитуван Градоначалник на Општина Кавадарци, почитуван Претседател на Совет, почитувани колеги советници, почитувани присутни, медиуми и останати. Во врска со точката каде што се носи одлука за распределба на акумулирана добивка, нераспределена добивка на ЈП Комуналец Кавадарци од изминатите години, во случајот од 2009-2016 година значи колегата спомна дека ова е неоправдано т.е. овие средства кои припаѓаат на ЈП Комуналец да не се распределат во Буџетот на Општина Кавадарци, но во оваа одлука во членот 2 значи гласи дека овие средства се распределуваат на сметка на Општина Кавадарци со намена за вршење на дејност од јавен интерес, значи повторно тие пари припаѓаат на граѓаните т.е. решавање на нивните реални проблеми, но во случај во зависност односно ликвидноста на ЈП Комуналец Кавадарци. Значи оваа одлука е разгледувана, тука е и директорот на ЈП Комуналец, разгледувана е и на Управен Одбор каде што од мнозинство на тој нели Управен Одбор имаат членови од Социјалдемократскиот Сојуз т.е. од вашата партија и таа одлука е донесена првично на тој Управен Одбор и според мене мислам дека овие средства треба да се распределат во Буџетот на Општина Кавадарци, но во зависност од ликвидноста на тоа јавно претпријатие, значи ако има потреба повторно тоа јавно претпријатие од тие средства ние како Совет нели и Општина Кавадарци можиме повторно да распределиме назад средства до ова јавно претпријатие, нели доколку има потреба, но гледајќи ги изминативе години нели работата на ова јавно претпријатие имаме и годишни Извештаи за работа, Финансиски План така да гледаме дека ова јавно претпријатие е постојано во добивка и мислам дека не сме соочени со идни проблеми.

ГРАДОНАЧАЛНИК: Почитувани оваа одлука ја носиме трета година по ред, не е прва година. Значи акумулираната добивка на јавното претпријатие беше 170, 180 000 000 денари акумулирана добивка,

нераспоредена до 2016 кај што имаат платено данок 10 проценти. Тие пари ни во еден начин не може да ги земе ЈП Комуналец, ниту пак да ги искористе. Ако сакаме да му дадиме дивиденда да поделат ама не се акционери, така да тие средства од 140 000 000 кои се останати ние ги распределуваме на користење во правењето на Буџетот на Општина Кавадарци. Не заборавајте дека Општина Кавадарци директно го финансира јавното претпријатие со 65 000 000 денари по однос на плаќање на Јавно зеленило, Хигиена и ред други работи. Не заборавајте дека Општина Кавадарци е оснивач на ЈП Комуналец . Тие ни се нас основачи сме ние како Општина. Трето Хидро централите кои што ги имаме кои што носат чист профит и од таму е добивката, нему да мислите дека не знам добивката е од било што. Добивката која што ја носи јавното претпријатие од Хидро централите кои што се изградени од Општина Кавадарци заедно со јавното претпријатие чистиот профит го зима ЈП Комуналец, така да во ниеден случај загрозувањето на ЈП Комуналец нема допирна точка да размислуваме да го ставиме во неизвесност или ликвидноста да му ја намалиме, него нераспределената добивка акумулирана припаѓа на оснивачите и они имаат право да ја користат, никој друг. Ние според расположливите средстава на ЈП Комуналец така и ги прибираме овие средства. Можеби догодина од овие 140 000 000 нема да земе ниту еден денар, доколку немаат вишок ликвидност и средства, меѓутоа јавното претпријатие и 21 и 20 година работи со добивка, околу 200 000-250 000 евра остварува редовна нето чиста добивка како јавно претпријатие и тоа е реткост. Тоа е единствен случај во цела држава. Не постое јавно претпријатие со добивка освен нашето. И четврта работа Општина Кавадрарци вложува средства каде што пак ги отстапува на ЈП Комуналец да располага понатаки со располагање на тие средства . Тоа е пример еден само, а купувањето на земјиште за градските гробишта, ние носиме Одлука тука трошиме по 5,6,7 000 000 денара пари општински, ги купуваме парцелите, им ги даваме на располагање и они после тоа ги продаваат или ги склучуваат договорите за гробни места. Тоа е пак нивен приход. Така да системот ни е врзан и тука како и директор и советници и јас како Градоначалник нема да повлечиме ниту еден денар доколку јавното претпријатие не е во кондиција да ние повлечиме средства, меѓутоа секое расположливо средство кое што го има во ЈП Комуналец, покрај Планот за јавни набавки кој што е сериозен План за јавни набавки, секоја година со обновува возниот парк и реконструкциите и сите работи, треба да се влијае во сметка како што кажа и Нешковски и за јавен интерес, Градевме паркинг, треба да градиме уште еден паркинг, ние тоа го ставиме во Програма, ние тоа сето во интерес на ЈП Комуналец, а градењето на новите атмосферски, градењрто на новите мрежи кои што

ги реконструираме заеднички. Сето во интерес на ЈП Комуналец, помалку загуба на вода, повеќе наплата, еве сега градиме систем за водоснабдување 650 000 евра за Брушани, Брушанско и цела таа населба. ЈП Комуналец ќе има таму нови 500 приклучоци, тие 500 приклучоци они ги опслужуваат со тоа на некој начин остваруваат некаков приход, нормално и расход, но инвестицијата е на Општината. Ние сме носителите на сите проекти. Отпосле пак со Одлука на Совет му ги даваме на користење односно на трајно презимање на линијата на ЈП Комуналец. Така да во тој дел немојте да имате загриженост дека Општина Кавадарци ќе се покрива ликвидно со ЈП Комуналец не. Што би рекол некој, досега немам видено вика некоја крава да цица од телето така да и ние нема да цицаме од таа работа. Ние сме мајката и ние треба да дајме на сите и сразмерно да поделиме.

ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СОВЕТ СТОЈАНЧО РАМОВ: Реплика.

СОВЕТНИК ВУКО МЕЛОВ: Се вели дека средствата ќе се користат за јавен интерес. Секоја јавна институција работе за јавен интерес. Јавните институции не работат за приватен интерес тоа е кажано, сосем нормална работа, значи не е спорно тоа. Спорен е делот во исцрпување на вишокот на финансиски средства од ЈП Комуналец. Зошто се прави тоа. Овие се добивки од 2009 година, значи сте имале и претходно Градоначалник вие од ВМРО ДПМНЕ па не ви текнало ваква одлука да донесите. Значи можело таа одлука да се донесе и 2010 година и 2011 и 2012. Проблемот е зошто сега ја носиме оваа одлука. Дали стварно Општината има потреба од вишок на финансиски средства и дали ќе го користе јавното претпријатие за да ги црпе тие финансиски средства од ЈП Комуналец бидејќи овоа не е ситуација од сега, овоа е ситуација која што е од пред 10 години наследена и овде се вели значи вишокот на средства, само оние вишок на средства по Закон за јавни претпријатија кои што не се влезени во Планот за инвестиции на јавното претпријатие, тие ги префрламе на основачот. Јас сметам дека јавното претпријатие треба да ги засилува своите капацитети во однос на вршење на она што му е дејност.

ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СОВЕТ СТОЈАНЧО РАМОВ: Дали уште некој друг бара збор.

ГРАДОНАЧАЛНИК: Јас само сакам. Добро дали постое начин, еве тука имаме сметководител по професија, економист, дали постои друг начин акумулираната добивка да се распореде освен да се даде на акционерите.

СОВЕТНИК ЈОВАН ЗЛАТЕВСКИ: Јас сакам да кажам пред сите за да не се ствара забрина. Акумулираната добивка не е во пари, кеш пари да стојат некаде. Тоа се кога некое претпријатие, некое друштво, дали јавно или приватно ќе оствари добивка, таа добивка може да биде или на класа 0

претворена во основни средства или на класа 1 на жиро сметката пари или побараувања од некои купувачи. Ова е акумулирана добивка и таа добивка била 148 773 000 и таа стое на страната побарува на класа 9, што значи на класа 0 има основни средства, односно зголемен е капиталот на ЈП Комуналец и тука завршуваме со тој дел. Мене на Комисијата тоа го кажав и сега ќе го кажам не ми е спорно префрлањето на средствата туку ми е спорно зошто е нераспределениот износ 148 000 000 од кој што не е извaден данокот од добивка што го платил ЈП Комуналец со минатите години 9,10 до 16 година значи тука за мене е спорно, а не е спорно начинот на префрлањето. Тоа се само вредноста, не се во пари, не се во материјали, не се ослабнува вредноста. Мое мислење е така. На имотот на јавното претпријатие не се намалува, не се тоа парични средства па да се исцрпат од Општината туку само вредноста на јавното претпријатие на тоа конто се намалува.

ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СОВЕТ СТОЈАНЧО РАМОВ: Реплика Мелов повели.

СОВЕТНИК ВУКО МЕЛОВ: Прва работа. Врз основа на оваа одлука Општината ќе може дадо износот од 148 000 000 денара да си префрла секој пат кога јавното претпријатие ќе има ликвидни средства. Така ли. Значи тоа се пари. Не е така дека само било техничко на документ. Тоа се пари. Тоа се финансиски средства кога ќе има, али врз база на оваа одлука ќе може и во наредни 10, 15 години, си стое одлуката, изгласана е на Совет. Добро може и секоја година да ја носиме. Да. Тоа е една работа. Втора работа во дел на добивката не значи дека ако е добивка, таа добивка се прераспределува. Вие сте сопственик на приватна фирма знаете дел можете да оставите за резарви, дел може да оставите за инвестиции, дел може да оставите за дивиденда.

ГРАДОНАЧАЛНИК: Тоа е распределено, ова е нераспределена добивка.

СОВЕТНИК ВУКО МЕЛОВ: Значи нераспределената добивка може да се распределе и за инвестиции во јавното претпријатие. Токму тоа ми беше поентата.

ГРАДОНАЧАЛНИК: Само да заклучиме.Значи според мене клучното прашање е како. Добро е што јавното претпријатие прави добивка, меѓутоа неосновано тоа сум го зборувал секогаш кога зборувам за економија. Едно е јавно претпријатие да праве од милион евра годишно добивка, тоа е нерационално, недобро и не е од јавен интерес. Јавното претпријатие треба да праве минимална добивка. Што значи тоа. Тоа значи дека целиот импакт и средствата што ги зима од граѓаните и од фирмите и од правните и физички субјекти што побрзо ги врате назад на услуга на граѓаните и правните субјекти, а не да акумулира добивки. Ние сега работиме со зголемен буџет на јавното претпријатие, кога дојдовме пред 4 години и сега јавното претпријатие имаше 170 000 000 основни

приходи, сега има 240 000 000 основни приходи. Расходите ги предвидуваме на 240 000 000 како што и Владата го спрема Буџетот . Не треба да предвидиш ти во јавно претпријатие или во Општина добивка, добивката треба да биде минимална, нормално да биде домаќински искористен секој денар, сразмерно да им се врате на граѓаните, а мислам дека тоа граѓаните го осетија на терен, почист град, зелен град, зелени површини, редовно на зелените површини одржавање, дигање на нови површини, правење на нови атмосферски канализации, одржување на водоводната линија, промена на водоводната линија, се до таа граница да дојдиме до позитивна нула или до блага добивка, а претходните години 2009,2010, 2011 јавното претпријатие правело по милион евра добивка. Тоа е жива катастрофа за Општината, значи парите ги собрала од граѓаните, не ги потрошила назад, ги ставила во добивка. Не е ова профитабилна организација, ова е јавно претпријатие, треба да ги врате парите назад . Така да клучното прашање е Зошто толкава добивка се акумулирала, немало потреба, ај да не се мешаме во минати години. Ние за тоа сакаме ова да го оптимализираме на крајот на денот, тие 140 000 000 да ги повлечиме во јавен интерес од ЈП Комуналец. Оваа година јас не очекувам да се искористат повеќе од 20-30 000 000, а и да се искористат тие 20-30 000 000 заедно со вас, заедно со директорот тие пари ќе ги намениме пак во корист на јавниот интерес на граѓаните, на никој друг начин, нема да купиме мебел за Општината, нема да купиме столчиња, него само од јавен интерес кој што ќе биде за граѓаните за да може да стигниме до друга работа. И само уште воа би се надоврзал. До пред 4 години имавме 20 семејства евидентирано, кои што хронично, секојдневно на секој пороен дожд се поплавуваа, му се полнеа посрумите со фекалии, со вода атмосферска итн. Јавното претпријатие правело 1 500 000 добивка, а не му го решило проблемот. Така да нехумано. Затоа е таа работа која што треба да нема нераспределена добивка. Таа е фиктивна фактички пари нема, а пари на конто стојат кои што се распределуваат.

СОВЕТНИК ЈОВАН ЗЛАТЕВСКИ: Мало дообјаснување дали моето мислење е исправно. Значи ако околу 60 000 000 денара Градоначалникот спомна дека се префрлат од Општината на ЈП Комуналец по основ на одржавка на некои работи. Значи ли тоа кога Општината ќе ги префрле тие средства на јавното претпријатие 60 000 000 и има право Општината да му рече на јавното претпријатие ајде сега вратите ми ги назад 60 000 000 на име на добивка од минати години. Градоначалниче дали ме слушате. Значи и да ги префрле Општината тие 60 000 000 за потребите на Комуналец за тоа што извршиле некоја услуга на Општината. Да. Општината ги пушта тие средства на Комуналец , меѓутоа Комуналец не

може тие 60 000 000 денари одма да ги врати назад затоа што си има обврски за плати, за плаќање на добавувачи, резервни делови за да ја извршат таа услуга. Од тие 60 000 000 што е извршената услуга на јавното претпријатие према Општината сигурно се 55 000 000 трошок, а само 5 000 000 се чисти, значи да бидеме на чисто. Треба Управниот Одбор и Раководството на Комуналец да каже од тие 60 000 000 можеме да ви префрлиме на име на акумулирана добивка само 5 000 000 или 10 000 000 колку ќе биде за да не се загрозе работењето и финансиската ликвидност на ЈП Комуналец. Дали е правилно моето размислување, дали така било во минатото, тоа ми беше зборот.

ГРАДОНАЧАЛНИК: Сакам само тука како Заклучок да се надоврзиме заедно со сите дискутенти кои што беа, да си ја донесиме одлуката како таква, а посебен заклучок да си донесиме, да не ја оптеретуваме одлуката дека Општината не смее да побара средства или да го наруше работењето, ликвидноста на претпријатието без разлика што овие 140 000 000 ги има на располагање, оти јас може, јас или било кој утре може да рече пушти ми ги за една недела така? Значи еве нека биде тоа како Заклучок ставен плус Одлуката, надвор од одлуката дека јавното претпријатие односно Општината тие средства може да ги повлече од тие нераспределени добивки со одлуката само ако има добра финансиска ликвидност и финансиски средства . Го има. Извини не го видов. Е ако го има тоа мислам дека немаме никаква опасност за таа работа, а и таман работа ако не е Комуналец. Знаеш што е цела работа. Ама тоа е нашиот образ, образ на сите граѓани, а и јас не сакам да дозволам Комуналец да биде над Општината, како што некогаш бил. Тоа ми е цела работа.

ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СОВЕТ: Го затворам претресот и истата точка ја ставам на гласање. Кој е за. 12 за, против 6.

Констатирам дека е усвоена одлуката зараспределба на нераспределена добивка на ЈП„Комуналец„ Кавадарци, донесена од Управен одбор на ЈП„Комуналец„ Кавадарци

2. Предлог-Одлука за донесување на Детален Урбанистички План за УЕ 6, Блок 6.1,„МОНОПОЛ„ КО Кавадарци, Општина Кавадарци 2020-2025;

Отварам претрес по оваа точка. Дали некој бара збор. Договорот беше распределен пред седницата на советниците и според план. Дали некој бара збор. Бидејќи никој не бара збор го затворам претресот по оваа точка и истата ја ставам на гласање. Кој е за. Едногласно

3.Предлог-Одлука за давање согласност засклучување на Договор за уредување на начинот на плаќање на надоместок за уредување на градежно земјиштеи заемните односи и за изградба на станбени згради врз основа на Извод од

Урбанистички План со намена А2 домување во станбени згради;

Го отварам претресот по оваа точка. Кој е за збор некој. Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот по оваа точка и истата ја ставма на гласање. Кој е за. Едногласно усвоена.

ГРАДОНАЧАЛНИК: Јас би сакал само да ви се заблагодарам за измената која што ја прифативте. Морам да одам, доколку има некои прашања Претседавач ти стојам на расплагање телефонски да се слушниме во било кој поглед, стручните служби се тука, денеска имате добри точки, мислам дека и ЛЕАП-от треба да го разгледате кој, што е многу добар документ за општината во кој што се вклучија сите служби на Општина Кавадарци одговорно, транспарентно да го сработат, не не кошта ни еден денар како ЛЕАП, а исто така и сакам да се заблагодарам за целото разбирање меѓутоа и за упатеноста во делот на разведувањето на документите комплетно во делот на водењето на Советот и сите други седници, пошто времето е стварно какво што е, економијата е на ниско ниво, граѓанството го осеќа цело тоа, мораме да бидеме максимално најдомаќини, максимално најтранспарентно да ги трошиме средствата. Исто на 24-ти здрави, живи ќе имаме последна завршна седница со носење на Буџетот. Буџетот го носиме, ви е даден навремено 15,20 дена да го разгледате добро, доколку има некои точки ќе ги прифатиме како сугестии, јавно мани или било што, или од било која страна. Можам одговорно да тврдам дека тија Буџет за нас за наредната година е реален да се оствare во интерес на сите граѓани, пошто финансиската конструкција и концептот на Општина Кавадарци е направен да биде добар. Советникот Вуко неколку пати потенцира една работа, јас во економијата сакам едно да кажам дека без долг и без капитални инвестиции нема и развој. Ако си задолжен, а не знаеш зошто си должен тогаш имаш голем проблем, меѓутоа ако имаш оперативен долг, а си направил капитали инвестиции долгот е оправдан, работи еден ден ќе се врате, а во февруари месец заедно сите советници на Општина Кавадарци ќе еве јас лично ќе частам кога после 25-ти февруари Општина Кавадарци ќе биде со обврски 0 и на сметката ќе има повеќе од 30 000 000 денари врз основа на проектираниот Буџет и проектираните примања кои што ќе ги оствариме до февруари месец, нормално сите институции кои што треба да ни помогнат во таа програма.

ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СОВЕТ СТОЈАНЧЕ РАМОВ: Благодариме Градоначалник. Преминуваме на наредната точка.

4.Предлог-Локален Еколошки Акционен План на Општина Кавадарци со Предлог-Одлука за усвојување;

Отварам претрес по оваа точка. Дали има некој за збор.

СОВЕТНИК ПАВЛЕ МАНЕВСКИ: Почитувани присутни, почитувани медиуми, почитувани граѓани. Јас како Претседател на Комисијата за екологија сакам да го поздравам носењето на овој Локален Еколошки

Акционен План, да им се заблагодарам на сите учесници кои учествуваа во изготвувањето на овој Акционен План и се надевам дека неговото реализирање ќе го следиме сите и ќе се залагаме да се исполни во целост. Како Комисија едногласно донесовме Заклучок кој бараме да биде усвоен, а тоа е:

1.Се предлага дополнување на работните групи формирање за изработка на ЛЕАП со претставници на членови на Совет на Општина Кавадарци.

2.Се иницира одржување на работни состаноци на секоја пооделна работна група најмалку еднаш на секои 3 месеци заради следење на реализацијата на ЛЕАП и достигнувањата во пооделни области.

ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СОВЕТ СТОЈАНЧО РАМОВ: Дали некој друг бара збор. Бидејќи никој не бара збор го затварам претресот по оваа точка и истата точка заедно со Заклучокот на Претседателот на Комисијата го ставам на гласање. Кој е за. Едногласно усвоена.

5.Предлог-Стратегија на Општина Кавадарци за соработка со граѓанските организации 2021-2025 со Акциски план;

Отварам претрес по оваа точка. Дали некој бара збор.

СОВЕТНИК ВУКО МЕЛОВ: Врз основа на претпоставувам консултации со граѓански сектор бидејќи во одреден временски период сум работел како дел од невладини организации, добро е што се прави одредена Стратегија за развој на граѓанскиот сектор во наредните 4 години. Врз основа на стратегијата добро се скицирани деловите кои што претставуваат моментално проблем на граѓанските организации, а тоа дека се вработени лицата кои што работат во граѓански организации тоа не му е примарна дејност туку работат регуларно вработени со полно работно време и работат и на друго место. Најголем број од невладините организации се мали, овде во Општина Кавадарци немате, односно мал е делот на граѓански организации, коишто се големи и кои што имаат редовно вработени лица кои што имаат сериозни капацитети и во спроведување на проекти во минати години некаков си изградено мислам стекнато искуство и капацитет за пишување и споведување на проекти кои што се сепак во интерес на сите граѓани. Добро е тоа што за првпат се зголемува буџетот за невладиниот сектор. Јас сметам дека таа тенденција на зголемување на буџетот на невладин сектор треба да продолжи и во наредниот период со цел да им дадеме шанса на невладиниот сектор, односно на невладините организации да работат проекти и полека да го развиваме тој невладин сектор бидејќи

спомнав се работи најголем дел од невладините организации, тоа се организации коишто немаат луѓе вработени во невладините организации и сметам дека критериумите по јавниот повик кој што ќе биде распишан претпоставувам за наредната година, за 2022 година, да се работи на симнување на критериумите со цел да му се овозможи на што е можно повеќе невладини организации да учествуваат, да добијат одреден проект, да го работат проектот, може да се инсистира ние како Совет и како Општина да инсистираме ако веќе немаат доволно изградени капацитети да инсистираме да има одредено вмрежување на невладини организации со цел или приклучување на одредена помала невладина организација со одредена поголема невладина организација со цел да ги вклучиме и тие мали невладини организации и така постепено да ги градиме нивните капацитети за спроведување на проекти. Исто така сметам дека тука е ставено како цел дека Општина Кавадарци ќе го помага невладиниот сектор и во делот на подигање на капацитети бидејќи да сработите проекти кои што се од странски донатори бара сериозни капацитети и бара сериозно ангажирање на сериозен труд и мислам дека Општина Кавадарци во тој дел може сериозно да им помогне на невладините организации во унапредување на нивните капацитети и за запишување и за спроведување на проекти.

ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СОВЕТ СТОЈАНЧО РАМОВ: Почитувани советници бидејќи бев присутен на таа средба заедно со градоначалникот и со службите од Општината на средба со граѓански невладин сектор, морам да признаам дека од нивна, односно начинот на функционирање во претходните 4 години и начинот и визијата за наредната 2022 година имаше едно обострано задоволство, начинот на кој сме во можност да ја зголемиме транспарентноста на самата Општина и доближување до граѓанскиот сектор и црпење на нивните идеи и инкорпорација во иднината. Добија една голема позитивна оценка. Една од најдобрите работи за 2022 година е токму зголемување на буџетот за овој невладин сектор. Значи Општина Кавадарци за догодина планира 3 000 000 денари буџет за невладиниот сектор. Од нивна страна апсолутно се слагам со советникот Мелов каде што треба да се најде начин за нивна соработка, вмрежување и меѓусебна соработка на самите невладини организации, меѓутоа објективно нивното задоволство беше апсолутно нескриено и еден од начините за зголемување на транспарентноста и подобрување на невладиниот сектор сметам дека 2022 година ќе биде уште поуспешна на тој план.

Бидејќи го затварам претресот по оваа точка, истата ја ставам на гласање. Кој е за. Едногласно усвоена.

6.Предлог-Стратешки План за намалување на ризици од катастрофи на Општина Кавадарци 2021-2025;
Отварам претрес по оваа точка. Дали некој бара збор. Бидејќи никој не бара збор, истата точка го затварам претресот по неа и ја ставам на гласање. Кој е за. Едногласно.
7.Предлог-Програма за изменување и дополнување на Програмата за поставување на урбана опрема на подрачјето на Општина Кавадарци;
Отварам претрес по оваа точка. Кој е за говор. Бидејќи никој не бара збор го затварам претресот по оваа точка и истата ја ставам на гласање. Кој е за. Едногласно усвоена.
8.Предлог-Одлука за изменување и дополнување на Одлуката за утврдување на висината на надоместоците што се плаќаат за користење на општинските јавни патишта;
Отварам претрес по оваа точка. Дали некој бара збор. Бидејќи никој не бара збор го затворам претресот по точката и истата ја ставам на гласање.Кој е за. Едногласно усвоена.
9.Предлог-Програма за волонтери во Општина Кавадарци за 2022 година;
Отварам претрес по оваа точка. Бидејќи никој не бара збор, истата ја ставам на гласање. Кој е за. Едногласно.
10.Програма за работа на ЈП„Комуналец„ Кавадарци за 2022 година, донесена од Управен одбор на ЈП„Комуналец„ Кавадарци;
Отварам претрес по оваа точка. Дали некој бара збор.
СОВЕТНИК ВУКО МЕЛОВ: Пред нас е Програмата за работа на ЈП Комуналец за 2022 година. Ако направиме споредба на оваа Програма за 2022 година и ја споредиме истата со претходните години ова е буквално копирање, колку број на вработени што е, секоја утврдена е должност односно работата на секој сектор горе-доле се програмите исти во однос на претходни години, веројатно со мали корекции. Она што мене ме интересира бидејќи пред на втора седница на Совет мислам ми се чини беше поставивме едно прашање и добив писмен одговор. Во писмениот одговор стои, конкретно беше прашањето во однос на загубите за вода. Добив одговор писмено, цела советничка група на СДСМ доби писмен одговор во однос на тоа барање и од ЈП Комуналец одговараат дека 60% претставува делот кој што е неприходен од вода , односно загубите за вода. Еве конкретно да го земиме и да се надоврзам на оваа работа. Јас во делот за Водовод во секторот Водовод кој што е надлежен за дел за таа работа не гледам ниту една мерка за тоа што оваа работа би се подобрила и затоа ваа работа е 4 години веројатно горе доле тапка во место, има можеби мали подобрувања во некоја година, во некоја година потфрламе итн.,

меѓутоа е статус кво работата конкретно во дел на овој сектор. Значи немате конкретнои мислам имате опишани се бројот на вработени, капацитетите со кое што располага ова ЈП Комуналец, опишани се надлежностите на секој сектор, меѓутоа немате конкретно утврдени цели, мерки со кои што би ги оствариле конкретните задачи, на пример конкретно во делот на загубите на вода треба да ни кажете со конкретни мерки, со конкретни чекори како би делот на неприходена вода би го намалиле и кои се вашите очекувања врз база на тие мерки и чекори кои што ќе ги преземите промени на водоводни мрежи, поголем инспекциски надзор кој што спаѓа како надлежност во друг сектор , меѓутоа треба да ни образложите кои мерки би ги преземале, кои водоводни линии би ги санирале, каде имате проблем и делот кој е врз основа на таа Програма колку очекувате да наредната година со конкретни параметри, со конкретни бројки со цел да наредната година кога ќе дојдите со Извештајот да можеме да видеме дали таа Програма е остварена или не е остварена. Јас од ова што го гледам сега во овој момент во оваа Програма нема ништо од тоа.

ДИРЕКТОР НА ЈП КОМУНАЛЕЦ ЃОКО ПОП-ИЦОВ: Почитуван Претседателе, советници. Во делот на дописот Комуналец што беше пратен на советничката група на СДСМ . Да во Извештајот на Водовод нема дел од тие мерки кои што ги презема ЈП Комуналец, но има во делот на канализацијата бидејќи одржувањето на цевководот Лукар е во сектор канализација каде што има наведено дека ЈП Комуналец ќе изврши нели монтирање на неколку протокамели на клучни места што значи дека ќе ја контролираат водата на секундарни позиции. Тоа е едно од работите. Во делот на наплатна служба каде што се монтираат тие водомери има опишано дека имаме Пилот Проект на водомери кои се со далинско читање така да една од мерките кои што беа опишани во дописот е и тоа, значи промена на тие водомери. Во делот на наплатна служба има опишано како и на кој начин ЈП Комуналец, врши нели, укажува кон корисниците на услугата рационално да ја користат таа вода и на крајот има во делот на Водовод само инвестиции т.е. управување и редовно контролирање на СКАВЕ системот. Исто така што не е наведено во делот на превземање на мерки, тоа консултанска фирма од KFV која што заедно со стручен тим од ЈП Комуналец работи на она што значи подобрување во делот на искористување и приходувањето на неприходованата вода. Значи со почетокот на наредната година ЈП Комуналец ќе почне да работи по теркот на некои западни земји.

ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СОВЕТ СТОЈАНЧО РАМОВ: Благодариме Директоре. Реплика.

СОВЕТНИК ВУКО МЕЛОВ: Мојта забелешка беше во делот на планирањето. Кога тргнувате да планирате поставувате одредени општи цели. Потоа тие општи цели за да ги остварите правите одредени мерки со кои што тие општи цели би ги оствариле и на крај имате конкретни параметри со кои што вие планирате врз основа на претходните остварувања планирани кои што планирате да ги направите 2022 година, ќе стигнете до одредени параметри. Го земав само конкретен пример делот со вода. Ако ги спроведите сите овие работи што ги планирате дали до година би имале и колкаво било намалувањето на оваа нериходена вода. Да не биде наредната година да повторно одиме пак со општи фоскули, со општи работи и пак да добиеме пак ваква иста ситуација. Тоа ми беше едната замерка. Втората работа која што сакам да ја искомуницирам со директорот на јавното претпријатие. Што правиме во делот на загадувањето на водата која ја имаме кога има обилни дождови, конкретно имавме пред некој ден таков случај. Кои се конкретните работи кои што вие како ЈП Комуналец ги превземате и дали незнам во делот на хлорирање на вода со цел да можат домаќинствата сепак да ја користат оваа вода и сметам дека ова е од исклучително значење за секое домаќинство да го реши тој проблем. Ме интересира и во тој дел кои работи планирате да ги преземите со цел да не се соочуваме со такви проблеми во иднина.

ДИРЕКТОР НА ЈП КОМУНАЛЕЦ ЃОКО ПОП-ИЦОВ: Што се однесува за првото прашање во тримесечниот Извештај ќе биде стриктно образложено кои мерки ги има преземено ЈП Комуналец во делот на неприходованата вода да стане приходована значи наредните во месец март или во месец април кога ќе биде тримесечниот Извештај. Што се однесува до загадувањето на водата т.е. заматувањето на водата кое што се случи од нели обилни дождови. ЈП Комуналец уште првите 2 часа кога почна од изворот Лукар да тече вода која што не е нели исправна за пиење, почна со зголемување на хлорирањето, а после неколку часа пристапи кон сопирање на дел од четирите извори кои што го сочинуваат вкупното количество на вода кое што доаѓа од изворот Лукар на исклучување на двата извора кои што придонесоа до загадување. Инаку да кажам дека тоа загадување, заматување на водата се случува 2 – 3 пати во годината и истото се санира само на тој начин. Тоа е временска непогода предизвикана од ерозија на почвата и од поголеми врнежи од дожд. Инаку во делот на што ЈП Комуналец или Општина Кавадарци презема за да ја санира и да го спречи тој долгогодишен проблем, ради тоа што сега нема претставник од, не е овде Градоначалникот да објасни дека пред неколку години имаше

неколку проекти за прочистителна станица кои што ќе ја филтрираат таа вода и истата ќе биде исправна за пиење и дистрибуирана до Општина Кавадарци.

СОВЕТНИК ЈОВАН ЗЛАТЕВСКИ: Почитувани медиуми, почитувани колеги советници, Претседавач. Во програмата имате наведено дека главниот цевковод кој е заеднички со Општина Неготино и Општина Росоман е стар 40 години. Тоа го кажав и на Комисијата што беше пред почетокот на состанокот и барам да се вметне во Записникот да од ваша страна со отпочнувањето после Новогодишните празници потекне една иницијатива за да се направе проект како тоа би почнало да се обновува таа водоводна линија. Друго. Во тек е донесување на нов закон за рециклирање на отпад и претварање на отпадот во електрична енергија. Таа фабрика треба да биде во Општина Неготино. Сум имал прилика неколку пати пред да го објават на енер овој закон да разговарам со лицата правнци кои што го изготвуваа овој закон и знам што се предвидува со тој закон. Дали вие сте во тек и ако не сте треба да сте во тек. Ова го зборувам од причина што тука во Програмата имате наведено дека треба во текот на наредната година да се набават 6 автоѓубралки со запремнина толку и толку, 3 автоподигалки и треба да се има во обзир дека со тој закон на инвеститорот ќе му се одобре увоз на околу 148 возила мерцедеси без царина и без данок и тие возила треба да се распоредат по сите општини и должноста на општините на јавните претпријатија е да ги одржуваат тие возила, а за тоа изнесување на сметот односно собирањето на сметот во таа фабрика ќе се плаќа некоја сума на парични средства кои што парични средства нема да ги користи инвеститорот туку тие сите парични средства ќе бидат наменети во еден посебен фонд за екологија и затоа треба да се има во обзир ова го напоменувам за да не се прават однапред договори за набавка додека, треба да се почека донесувањето на тој закон и да видиме каде ние се наоѓаме и да видиме дали има потреба од сите тие возила, да не се прават однапред трошкови. Колку што имам сознанија законот треба да биде со европско знаменце и треба да се донесе до крајот на ова година.

ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СОВЕТ СТОЈАНЧО РАМОВ: Советниче во однос на едно мое гледиште, значи во однос на таа фабрика. Значи ипак тоа е одлука на граѓаните на соседно Неготино каде што они треба да се произнесат околу тоа дали би биле прифатени со Советот, значи јас сметам дека како идеја е добро, меѓутоа да се почека самата реализација, таа сигурно нема да биде направена за година, две, значи тоа нема да оде така брзо за овие инвестициски планирани проекти за

оваа година да не се реализират, значи и јас сметам дека од страна на директорот начинот за обновување до окрупнување на возниот парк за тековната година е во ред. Кога таа фабрика ќе биде стартирана со работа во тој случај би го имале во предвид тоа не е лошо, меѓутоа ние не знаеме кога ќе се изработе сето тоа, кога ќе почне со работа.Тоа е голема енигма. Тоа зависи и од инвеститорот.

СОВЕТНИК ЈОВАН ЗЛАТЕВСКИ: Се извинувам само. Фабриката треба да почне со работа 5 години по отпочнувањето на изградбата на фабриката. Значи треба да се има во обзир сите тие работи значи треба сите ние да иницираме некои идеи, гледишта што ги имаме, да бидиме во тек за дали да се користат старите возила, тиа период не знаеме, законот сеуште не е донесен и ние не можиме сега одма да одлучиме штопираме набавка на возила, не сакам погрешно да ме разберите, меѓутоа сакам сите советници да знаат какви се работите.

ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СОВЕТ СТОЈАНЧО РАМОВ: Во ред. Го затворам претресот по оваа точка. Дали некој друг бара збор .Бидејќи никој не бара збор истата ја ставам на гласање. Кој е за. Едногласно усвоена точката. Не се извинувам. Кој е против. 4 против. Констатирам дека е усвоена Програмата за работа на ЈП Комуналец за 2022 година донесена од Управниот Одбор на ЈП Комуналец Кавадарци

11.Финансов План за 2022 година на ЈП„Комуналец„ Кавадарци, донесен од Управен одбор на ЈП„Комуналец„ Кавадарци;

Дали има некој збор.

СОВЕТНИЧКА ВЕСА БОГЕВА: Почитувани граѓани, почитувани медуми, почитувани присутни. Финансискиот План за ЈП Комуналец Кавадарци за 2022 година го имаме на дневен ред на денешната седница и во прилог имаме табела изготевена од јавното претпријатие со планираните приходи и трошоци за 2022 година. Во оваа табела како прилог имаме податоци кои што би требало да ни бидат репер за споредба со тоа што се планира во 2022 година. Збунувачки е тоа што е предвидено реализирано 2021. Дали табелата се однесува на тоа што било планирано за цела 2021 година, дали тоа што е реализирано до сега или тоа што треба да се реализира до крајот на годината за да можеме да направиме квалитена анализа споредбено тоа што се планира за 2022 година. Вака дадена табелата значи споредбено кога би направиле би излегло дека се планира поголеми приходи, вкупните приходи се планира да бидат поголеми во однос на овие што се дадени во првата колона, во претходната колона и поголемо зголемување на приходи се очекува од Вода и канализација, од Јавна чистота и зеленило. Кај Јавна чистота е поголема ставката на разликата и тука очекуваме објаснување од јавното претпријатие зошто има такво

зголемување. Додека кај трошоците исто и тука е прашањето дали тоа предвидено реализирано за 2021, реализирано за цела 21 што се планира до крај на година или реализирано до сега или некој датум за да имаме пак исто квалитетна споредба, реална споредба. Кај трошоците отскокнува ставката за потрошени суровини и материјали за околу 88% и има и кај некои други ставки така поголемо, но тоа е најголемата разлика што се јавува и со овој Финансиски План значи очекуваме зголемување на приходите,зголемување на трошоците. Кај трошоците имаме малку поголемо зголемување со цел веројатно како што претходно и Градоначалникот спомна дека јавното претпријатие си планира сите тие средства што ќе ги оствари да ги инвестира, да ги врати, дали во поквалитени услуги или во нови средства на јавното претпријатие. Друго прашање што имам веројатно е тука техничка грешка, не знам еве и колегата Горан ќе ни објасне зошто 13 000 000 во јавни набавки за гориво се, а во ставката се 11 000 000. Дали е техничка грешка или имате некое дополнително објаснување околу тоа и дали е пракса или случајно добро е што ќе има инвестиции во основни средства, значи јавното претпријатие планира тука има во повеќе ставки во кој дел ќе има инвестиции и како најголема е планираната изградба на управна зграда со 11 500 000. Ми беше зборот значи инвестициите во основни средства од вкупните трошења што ќе бидат во 2022 година некако се поклопуваат со амортизацијата. Значи колку средства ќе се издвојат за амортизација како трошок, толку се планира да се вратат во јавното претпријатие како основни средства, дали тоа ви е некоја пракса во работењето или случајно е за оваа година да, значи амортизацијата е 33 700 000 , 36 000 000 се планират во инвестиции. Толку од мене. Очекувам одговор ако може, сега ако не писмено. Како ви одговара така. Само уште нешто. Накратко сакав да спомнам дека во Финансискиот план може значи во текот на годината натаки да се размислува да јавното претпријатие инвестира или троши средства и за стипендии за ученици и студенти затоа што имаме инфрмации дека во јавното претпријатие треба стручен кадар од посебни профили за работењето на ова јавно претпријатие.Знаеме дека во Агенцијата за вработување такви профили ги нема ли или потешко ги има така да може и јавното претпријатие малку да биде, да покаже општествена одговорност, а и да си обезбеди стручен кадар што го има за работењето во наредните години.

СОВЕТНИК ГОРАН КУЗМАНОВСКИ: Почитуван Претседателе, почитувани колеги советници, медиуми, граѓани и останати. Значи сакам да дискутирам за Програмата и Финансискиот Пплан без разлика што се посебни точки, тоа се еден целосен дел, значи и

споилив дел заедно и со Планот на јавни набавки. Сакам да кажам дека ЈП Комуналец во досегашното работење, ми е чест и задоволство што сум таму бидејќи во неколку наврати досега и беше одбрано како најуспешно претпријатие, затоа и ни се доделени моментално средства од КФБ Програмата односно германски средства само на ЈП Комуналец и на Комуналец Гевгелија каде што сега ќе бидете сведоци за неколку месеци ќе бидат реализација односно ќе бидат во градот. Кавадарци ќе биде едно големо градилиште во следните 2-2,5 години, значи зависи од динамичниот план. Во делот на Финансискиот план значи јавното претпријатие и оваа година ќе има добивка и тоа е добро, бидејќи таа добивка после се реинвестира во инвестиции, односно за потребите на граѓаните односно за деловодни, атмосферски линии, канализациони, за нови возила итн. Во делот на Програмата претходната колешка имаше некои прашања во делот на предвидено, реализирано значи претходно имавме квартални деветмесечни извештаа на работењето сега знаевме дека Финансискиот План го работевме уште пред неколку недели, значи врз основа на деветмесечниот извештај ние правиме План на реализирано до 12-ти месец односно претпоставка што би се реализирало во делот на одредени програми претпоставуваме дали Програмата Јавна чистота, зеленило, за идната година оџачарски служби, градежна група значи тие имаме одредена програма и по таа програма фактурираме што ја гласаме ние советниците, но треба да знаеме дека таа е максималната сума во предвиденото, планираното, не знаеме дали до крај целосно ќе ја реализираме, затоа е ставено, предвидено реализирано. Во делот на трошоци каде што прашавте за гориво и мазиво, да е 11 000 000 е гориво, но се претпоставува мазиво и некои други мазива коишто односно му требаат да би биле исто така би биле потребни до таа сума до 13 000 000. Знаеме дека тоа е План. Потрошените суровини и материјали што ги спомнавте дека реализацијата претпоставка до 12-ти месец би биле 9 000 000, а сега е планирано 17 000 000. Тоа е секоја година така бидејќи ние овие податоци ги црпиме и од Планот за јавни набавки, но и од претпоставените, раководителите на секторите каде што они ни укажуваат во делот кои делови максимално му треба. ЈП Комуналец е јавна служба која што мора да има предвидено во план и програма се што е потребно, да не дојде во случај да не снема вода градот, да останат контејнерите неисфрлани, затоа предвидува намерно и поголема сума и се е ставено во Планот за јавни набавки. Сведоци сме дека и претходно дека одредено претходно непланирање се случуваше каде што имаше промени на Планот за јавни набавки односно се заборавило нешто или настанало некој итен дефект каде

што немаме таков резервен дел затоа мислам дека раководителите на секторите досега значи добро планираат и воглавно не се случило некоја катастрофа каде што јавното претпријатие не би можело да ја извршува својата дејност и должност. Мислам тоа беше од поставените прашања.

СОВЕТНИК ВУКО МЕЛОВ: Колегата советник даде образложение дека Планот за јавни набавки еднаш се носи, не може да се менува во текот на годината. Така ве разбрав јас и затоа биле повисоки сумите.

СОВЕТНИК ГОРАН КУЗМАНОВСКИ: Не. Грешка си ме разбрал. Врз основа на Планот за јавни набавки се изготви Финансискиот План.

СОВЕТНИК ВУКО МЕЛОВ: Точно, точно значи Планот за јавни набавки вие можете да го смените на секоја наредна седница на Управниот Одбор. Значи не мора да има ако сметате дека е непотребно одредени, пошто тука има драстични зголемувања за одредени работи, на пример суровини и материјали речиси за двојно зголемено, за резервни делови не за двојно меѓутоа од 6 800 000 на 10 700 000, услуги извршени од други исто така имате зголемување. Значи образложението дека тоа се прави со цел да се опфати се мислам дека е неточно ради тоа што Планот за јавни набавки можете да го промените по тоа што јас го знам, исправете ме ако грешам на секоја наредна седница на Управниот Одбор.

СОВЕТНИК ГОРАН КУЗМАНОВСКИ: Значи благодарам на прашањето од колегата советник. Значи изгледа дошло до недоразбирање да ние го правиме Финансовиот План врз основа на Планот на јавни набавки, но не дека не може да дојде до менување на истиот. Јас само сакам да кажам Планот за јавни набавки е план каде што значи тие јавни набавки одат на тендер истите можат да се намалат тие, иако сумата на пример ако е 100 000 000 доколку би имале повеќе конкуренти, тоа е јавен оглас согласно Закон за јавни набавки тој може да се спушти и од овој План може да се реализират и 50% 50 000 000 воглавно по некоја пресметка околу 60-70% од овој план се реализира односно не дека не се реализира целосно односно не се распишуваат тендерите, туку во јавната постапка односно во постапката за јавна набавка доаѓа до намалување на истите цени, но суровините и материјалите убаво ни е да ги планираме и да ги имаме, пример како суровини и материјали дел така накратко Б1 Пвц цевки, Водовод 1 500 000, течен хлор Б1 1 000 000 денари, готова асфалтна маса 800 000 денари значи цемент Усје Б1 тампон вреќи, значи неопходните работи што требат за јавното претпријатие, значи јас мислам дека од оваа сума значи на тендер бидејќи има повеќе компании, значи пазарно општество е, бидејќи

милам дека ќе се намали и идната година значи планот пак реализацијата би бил 10 000 000.

ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СОВЕТ СТОЈАНЧО РАМОВ: Бидејќи никој не бара збор ја затворам оваа точка и истата ја ставам на гласање. Кој е за. 11 за, против 4 и воздржани нема.

12.Програма за работа на МХЕЦ Лукар ДООЕЛ Кавадарци за 2022 година, донесена од Управен одбор на ЈП,,Комуналец,, Кавадарци;

Дали некој бара збор. Бидејќи никој не бара збор го затворам претресот по оваа точка и истата ја ставам на гласање. Кој е. 11 за. 4 воздржани.

13.Финансов План за 2022 година на МХЕЦ Лукар ДООЕЛ Кавадарци, донесен од Управен одбор на ЈП,,Комуналец,, Кавадарци;

Отварам претрес по оваа точка.

СОВЕТНИК ПАВЛЕ МАНЕВСКИ: Почитувани присутни, почитувани медиуми, почитувани граѓани во однос на Финансискиот План на МХЕЦ Лукар имам неколку забелешки, а тоа е во планираните трошоци. Би сакал тука да добиеме одговор од надлежните. Како најмаркантни зголемувања на предвидените трошоци за 2022 година се трошоците за резервни делови кои што се зголемуваат некаде околу 76 пати односно од 22 000 на 1 700 000. Исто така втора ставка е услуги извршени од други лица каде што имаме повеќе од дупло зголемување односно сумата од 192 000 се зголемува на 500 000 и околу 20 пати е зголемувањето на премии за осигурување од 7820 на 150 000, исто така предвидени се и некои други зголемувања кои што сепак се во нормалата иако имаме во предвид дека оваа година се стартува со петтата мала хидроелектро централа која што ќе има прво тест период, па потоа ќе се активира На тоа укажува и Планот за произведената струја која што треба да ја даде таа мала хидроцентрала. Сепак овие предвидувања на трошоците се ако се дупло или тродупло да речиме дека се прифатливи и се нормални, меѓутоа тука има енормно зголемување на тие трошоци и затоа бараме образложение од надлежните.

ДИРЕКТОР НА ЈП КОМУНАЛЕЦ ЃОКО ПОП-ИЦОВ: Да во трошоците каде што е нели предвидено реализирано за 2021 година и планирано за 2022 година има големи отстапки, но сакам да потенцирам дека и во планираното за 2021 кога беше Програмата за 2021 година минатата година усвоена секогаш сумата беше малку поголема. Тоа е во делот што не е за резервни делови. Со самата одржавка на четирите мини електрични хидроцентрали секоја година има посебен трошок, така да наредната година се предвидува на секои 3 или 5 години посебни ремонти на тие централи. Заради тоа е тоа предвидување на поголема сума, што не мора да значи дека ќе биде истрошена. Исто услуги

извршени од други се однесува на истата работа, а во делот на осигурувањето верувам дека 2021 година биле предвидени и поголеми суми, но биле истрошени според предвидувањата како што кажа колегата ваш советникот шефот во финансии во ЈП Комуналец. Значи предвидените суми се секогаш повеќе од она што, за да не бидеме изненадени во текот на годината нели да се случи некој дефект или некои непшредвидени, неубави работи, така да во текот на годината распишуваме тендер, предвидуваме суми коишто не биле предвидени. Заради тоа постои овој план, значи планирано што не мора да значи дека ќе биде реализирано во делот на трошоците.
СОВЕТНИК ПАВЛЕ МАНЕВСКИ: Благодарам на одговорот на директорот, меѓутоа јас се фатив за овие планирани трошоци затоа што се најмаркантно зголемени и имате и други зголемувања, меѓутоа тие се реални и не значи дека сите средства ќе се искористат, меѓутоа резервните делови планираниот трошок да се зголеми 76 пати според мене не е во ред тоа.
ДИРЕКТОР НА ЈП КОМУНАЛЕЦ ЃОКО ПОП-ИЦОВ: Значи сакав да кажам. Не се разбравме дека и минатите години може имало, сега не е Програмата пред мене 1 200 000 планирано, друго е тоа што оваа година на секои 3 или 5 години се прават ремонти кои што стручните служби го утврдиле тоа законски мора да се изведе. Заради тоа е таа од 500 000 денара поголема сума предвидена, што ќе кажам пак дека може и да не биде искористена во целост. Тоа е тоа.
ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СОВЕТ СТОЈАНЧО РАМОВ: Бидејќи е исцрпен претресот по оваа точка, истата ја ставам на гласање. Кој е за. 12 за. Кој е против. Кој е воздржан. 4 воздржани.
14.Одлука за Изменување и дополнување на Статутот на ЈП„Комуналец„ Кавадарци, донесен од Управен одбор на ЈП„Комуналец„ Кавадарци;
Отварам претрес по оваа точка. Дали има некој за збор.
ДИРЕКТОР НА ЈП КОМУНАЛЕЦ ЃОКО ПОП-ИЦОВ: Значи станува збор за точка 81, точка 22 останати дејности на чистење на згради и објекти. Тоа е последната точка во Одлуката, на Стаутот. Тоа е точката за оџачарски услуги.
ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СОВЕТ СТОЈАНЧО РАМОВ: Бидејќи никој не бара збор оваа точка ја ставам на гласање. Кој е за. Едногласно усвоена.

15. Годишна Програма со арх.бр.08-6882/2 од26.11.2021 година, со финансиски план КСП ПОДИУМ –ЈАДРО Кавадарци за 2022 година, донесена од Управен одбор на КСП ПОДИУМ –ЈАДРО Кавадарци;

Отварам претрес по оваа точка. Дали некој бара збор.

СОВЕТНИК ДИМЕ КОЦЕВСКИ: Вчера на Комисијата што ја имавме за култура, беше тука директорката Симона Манчева. Има таму некои зголемувања на побарувањата за оваа година за Буџетот, од некојси 160 000 мислам дека беше, Павле така ли беше, 160 000 денара плус беше. Директорката образложи дека тоа е затоа што побарала уште еден вработен. Договорено е дека оваа година е многу тешко изводливо да се вработе уште еден човек и затоа она бара компјутер, бара сметководител и телефон за олеснување малку на нејзината работа. Со тоа ги образложи тие покачувања во буџетот оваа година. Кажаме тука на Комисијата за култура дека е ок тоа. Друга работа беше дека бара простор, еден дел од просторот и бил одземен и сега бара простор канцелариски значи повеќе архивски. Тоа кажаме ние како Совет не можеме да го обезбедиме, меѓутоа се договоривме со Секретарот и со Градоначалникот ако може да се најде простор не е проблем. Тоа отприлика беше. Така да ако некој има други прашања околу тоа што не беше на комисијата слободно нека праша.
ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СОВЕТ СТОЈАНЧО РАМОВ: Дали некој друг бара збор.
СОВЕТНИК ПАВЛЕ МАНЕВСКИ: Само да го надополнам Претседателот на Комисијата дека раководителот на ова културна организација ни предложи во сабота на 18-ти декември дека ќе има посета Подиумот-Јадро од лица од Хрватска, кои што работат со оваа дејност и поканата не е само до членовите на Комисијата за култура туку и за сите членови на Советот, само што треба да се потврди присуство до 16-ти декември да се присуствува на една средба предвидена некаде околу 11 или 13 часот со која ќе се запознаеме со активностите, програмите и плановите на Подиумот-Јадро.
СОВЕТНИК ТОНИ НЕШКОВСКИ: Јас накратко само едно прашање до Претседателот на Комисијата за култура, колегата Диме Коцевски во врска со Годишната Програма пошто вчера поради оправдани причини не бев присутен на таа комисија, програмата ја гледав, дали има некои измени во таа програма и дали ние ќе гласаме врз основа, дали ќе гласаме Годишна Програма со некакви измени или ќе ја гласаме оваа Годишна Програма така како што е доставена од страна на оваа институција.
СОВЕТНИК ДИМЕ КОЦЕВСКИ: Не предложи измени директорка на оваа институција. Само кажа дека ако успеат со нивните колеги од Хрватска да постигнат договор дека ќе има плуси активности и активности коишто не биле реализирани заради пандемијата,

односно што биле реализирани онлајн дека имало многу поголема шанса сега да се реализират така како што било замислено.

ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СОВЕТ СТОЈАНЧО РАМОВ: Бидејчи е исцрпен претресот по оваа точка истата ја ставам на гласање. Кој е за. 14 за. 1 воздржан.

16.Предлог-Одлука за примање донација од Друштво за производство, трговија и услуги "КОЖУВЧАНКА" ДОО увоз-извоз Кавадарци;

Отварам претрес по оваа точка. Дали некој бара збор. Бидејќи никој не бара збор го затворам претресот по оваа точка и истата ја ставам на гласање. Кој е за. Едногласно.

17.Предлог-Одлука за изменување и дополнување на Одлуката за авто-такси превоз на патници во Општина Кавадарци;

Отварам претрес по оваа точка. Едно мое гледиште како Претседател на Советот на Општина Кавадарци. Претходно на Комисијата го разгледавме барањето од нашите авто-такси превозници на Општина Кавадарци во однос на нивната цена и барање за покачување на такси превозот. На таа комисија бевме присутни и донесовме едногласна одлука за неодобрување на тоа нивно барање односно дека кога ги разгледавме фактите на такси превозот во нашата држава во поедини општини увидовме дека цената на нивното барање е прилично висока и не соодветствува со такси превозот во нашата општина така да чисто едно информирање значи на комисијата нивното барање доби негативен биланс од сите членови на комисијата што бевме присутни. Една информација до сите советници. Така да повелите претрес.

СОВЕТНИК ФИЛИП ТАСЕВ: Почитувани медиуми, Претседател на Совет на претходната координација пред почетокот како советничка група заземавме став дека по однос на оваа точка ќе гласаме против за покачување на цената за такси превозот во Општина Кавадарци.

ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СОВЕТ СТОЈАНЧО РАМОВ: Го затворам претресот по оваа точка и истата ја ставам на гласање. Кој е против. Едногласно Советот го отфрли барањето на такси превозниците за покачување на цената на такси превозот во Општина Кавадарци.

18.Предлог-Решение за давање позитивно мислење на Програма за изведување на ученички екскурзии и други слободни активности на

учениците од ООУ „Димката Ангелов Габерот„Кавадарци за учебната 2021/2022 година;

Отварам претрес по оваа точка. Дали некој бара збор. Бидејќи никој не бара збор истата ја ставам на гласање. Кој е за. Едногласно усвоена.

19.Извештај за редовното работење на ЈП за стопанисување со спортски објекти„Мито Хаџи Василев Јасмин„ Кавадарци,за III тромесечие од 2021 година;

Отварам претрес по оваа точка. Дали некој бара збор. Бидејќи никој не бара збор го затворам претресот по оваа точка и истата ја ставам на гласање. Кој е за. Едногласно усвоена.

20.Програма за работа на ЈП за стопанисување со спортски објекти„Мито Хаџи Василев Јасмин„ Кавадарци за 2022 година, донесена од Управен одбор на ЈП за стопанисување со спортски објекти„Мито Хаџи Василев Јасмин„ Кавадарци;

Отварам претрес по однос на Програмата на ова јавно претпријатие стопанисување со спортски објекти„Мито Хаџи Василев Јасмин„. Бидејќи никој не бара збор го затворам претресот по оваа точка и истата ја ставам на гласање. Кој е за. Едногласно усвоена.

21.Предлог-План за измена и дополнување на Планот на програми за развој за 2022 година;

Отварам претрес по оваа точка. Дали некој бара збор. Бидејќи никој не бара збор го затворам претресот по оваа точка и истата ја ставам на гласање. Кој е за. Едногласно усвоена.

Со тоа е исцрпен Дневнот ред за денешната Четврта по ред седница на Советот на Општина Кавадарци и ја прогласувам за затворена.

Изготвил: Анета Рамова

СОВЕТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ

ПРЕТСЕДАТЕЛ

Стојанчо Рамов